

Гоце Стојчевски – Амбарче (26. XI 1919 – 19. IX 1944) е македонски партизан, народен херој. Бил учесник во народноослободителното движење од 1941 година. Во борбата со балистички сили кај с. Шипковица во 1943 година бил ранет, заробен и спроведен во затворот во Тирана. По капитулацијата на Италија избегал, се вратил во Македонија и се приклучил на партизански одред. Загинал во борба со балистите и бил прогласен за народен херој на Југославија.

Гоце Стојчевски е роден на 26 ноември 1919 година во Тетово, во занаетчиско семејство. Основно училиште и две одделенија гимназија завршил во родниот град. Неговиот татко Илија бил уапсен од властите на Кралството Југославија, бидејќи јавно ја истакнал својата македонска националност.

Во 1939 година револуционерното младинско движење во Тетово добива поголем замав. Во овој период Гоце беше меѓу поактивните младинци. Тој бил избран за библиотекар на младинската читална. Во јули 1940 година бил примен за член на Комунистичката партија на Југославија (КПЈ), а веднаш потоа станал член на Месниот комитет на КПЈ за Тетово. Во првите месеци од 1941 година станал секретар на Месниот комитет на КПЈ.

По  априлската војна во 1941 година и окупацијата на Кралството Југославија, Гоце како секретар на партијата, одржувал врска меѓу Тетово и Скопје, преку границата меѓу италијанската и бугарската окупациска зона. Исто така, работел и на подготовка на вооружено востание во неговиот регион. Неговиот дом станал место каде се собирале прокомунистички ориентирани луѓе од Тетовско.

Во јули 1941 година, Гоце заминал за Скопје на консултации со партиските лидери. Тој со себе носел незаконски материјал (леток) и бил фатен на граница. Гоце бил вратен во станицата за карабинери во Тетово, каде што бил подложен на тортура, но ништо не

признал. Тој бил спроведен од Тетово до Тирана.

По неколку месеци Гоце излегол од затвор. Се вратил во Тетово, каде продолжил  со партиска работа. Во тоа време во Тетово престојувал Кузман Јосифовски кој му помагал на Гоце во работата. Првата задача била да се формира партизански одред. На почетокот на април 1942 година бил формиран мал одред, на кој Гоце бил политички комесар на одредот.

Одредот кој имал недоволно вооружени луѓе  набрзо бил нападнат од силни непријателски сили и разбиен. Во борбата со балистички сили кај село Шипковица  во 1943 година Гоце бил ранет, заробен и повторно бил одведен во Тирана, каде што е осуден на петнаесет години затвор. Тој бил во затвор до капитулацијата на Италија во септември 1943 година. По излегувањето од затвор се вратил во Тетово, каде што учествувал во политичка работа до март 1944 година. Потоа се вклучил во партизанските единици во Кумановско.

Во пролетната офанзива на македонските партизански единици, Гоце кој бил политички комесар на чета се истакнал во борбите. Во август 1944 година, поради прифаќање на нови борци, повторно бил испратен во Тетовско.

Но, на 19 септември 1944 година, во близина на селото Беличице, неговата група наишла на заседа и за време на борбата со балистите, Гоце Стојчевски – Амбарче загинал.

На 11 октомври 1953 година е прогласен за народен херој на Југославија.



Тихомир Каранфилов